Архивски знак: 2401
Рок на чување: 3 год
____ 20 ___ год.
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: | 26.04.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 24- | 472/1 | – | – |

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Македонско здружение на млади правници, ул. „Донбас“ бр. 14/1-6, 1000 Скопје, 02 3220 870, contact@myla.org.mk, лице за контакт Бојан Трпевски, btrpevski@myla.org.mk
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Александра Цветановска, претседателка на здружението, ул. „Донбас“ бр. 14/1-6, 1000 Скопје, 02 3220 870, contact@myla.org.mk
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Иmателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Доставете ни ги двогодишните извештаи за реализација на Регионалниот план за управување со отпадот за Источниот регион кои Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпадот ги изготвил за периодот од 2016 година заклучно со 2023 година и ги доставил до советот на општината согласно членот 18-а став 7 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ бр. 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 147/2013, 163/2013, 51/2015, 146/2015, 156/2015, 192/2015; 39/2016, 63/2016 и 31/2020)

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил,** btrpevski@myla.org.mk
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Во Скопје, 25.04.2023 година**

**Потпис**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-472/2
05.05 2023 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот **Македонско здружение на млади правници Скопје преку застапникот Александра Цветановска ул.„Донбас" бр.14/1-6 Скопје** поднесено на ден **26.04.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Пробиштип** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето од **Македонско здружение на млади правници Скопје ул.„Донбас" бр.14/1-6 Скопје** наш бр.24-472/1 од 26.04.2023 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер кој бара преку е-маил да му биде доставен електронски запис од следната информација од јавен карактер:

- Доставете ни ги двогодишните извештаи за реализација на Регионалниот план за управување со отпадот за Источниот регион кои Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпадот ги изготвил за периодот од 2016 година заклучно со 2023 година и ги доставил до советот на општината согласно членот 18-а став 7 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ бр. 68/2004, 71/04, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 147/2013, 163/2013, 51/2015, 146/2015, 156/2015, 192/2015, 39/2016, 63/2016 и 31/2020)".

Се УВАЖУВА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот **Македонско здружение на млади правници Скопје ул.„Донбас" бр.14/1-6 Скопје** имателот на информацијата **Општина Пробиштип** Ви ја доставува информацијата:

- Со оглед на информациите со кои располагаме, заради Ваше запознавање со досегашни активности за регионално управување со отпад во општина Пробиштип, во прилог на ова Решение Ви доставуваме ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА со регионалното управување со отпад во Источниот плански регион, изготвен од Раководителот на Стручната служба на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад во Источен плански регион, кој Ви го доставуваме во word формат (во друг формат имателот не располага со оваа информација), и со кој располага општина Пробиштип.

Исто така, во координација со Раководителот на Стручна служба на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад во Источен плански регион Г-ѓа Живка Михајлова, вработена во општинската администрација на општина Пробиштип, Ве информираме за следново:

- Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ бр. 68/2004, 71/04, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 147/2013, 163/2013, 51/2015, 146/2015, 156/2015, 192/2015, 39/2016, 63/2016 и 31/2020), на кој се повикувате во Барањето за пристап до Информации од јавен карактер престанува да важи со денот на започнувањето на примената на Законот за управување со отпадот ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/21);
- Согласно член 18-а став 7 и член 23-в став 1 точка 8 од стариот Закон за управување со отпад на кој се повикувате во Барањето, двогодишните извештаи за реализација на Регионалниот план за управување со отпадот за Источниот регион Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад нема обврска да ги изготвува, туку го одобрува нацртот на годишниот извештај за реализација на регионалниот план и до Советите на општините од регионот на секои две години од почетокот на реализацијата на регионалниот план поднесува извештај за реализација на регионалниот план, а согласно член 23-е став 1 точка 8 обврската за подготвка на извештај за реализација на регионалниот план е на Регионалниот центар за управување со отпад кој не е основан, туку постоеше само Стручна служба на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад во Источен плански регион;
- Согласно член 24 став 6 и член 33 став 1 точка 7 од актуелниот Закон за управување со отпадот, Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад нема обврска да изготвува извештај за реализација на регионалниот план, туку на секои три години од почетокот на реализацијата на регионалниот план поднесува извештај за реализација на регионалниот план до советите на општините и до стручниот орган и го одобрува нацртот на годишниот извештај за реализација на регионалниот план, а согласно член 36 став 1 точка 7 обврската за подготвка на извештај за реализација на регионалниот план е на Организациона единица за регионално управување со отпад во координација со општините од регионот, а Огранизационата единица за регионално управување со отпад не е формирана;
- Според новиот Закон за управување со отпад, наместо Регионален центар за управување со отпад како што беше предвидено со претходниот закон, се предвидува во рамките на Центарот за развој на секој плански регион во кој е склучена спогодба согласно со членот 31 од овој закон, да се формира Организациона единица за регионално управување со отпад, која не е формирана а спогодбата За поттикнување и развој на управувањето со отпад на регионално ниво согласно со Планот, советите на општините и Советот на градот Скопје од соодветниот регион за управување со отпад донесуваат одлука за склучување на спогодба за здружување за воспоставување на систем за управување со отпад на регионално ниво (во натамошниот текст: регионален систем).- постое ли ваква спогодба???
- Ниту по стариот, ниту по новиот Закон за управување со отпадот, Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад во Источен плански регион до Советите на општините нема поднесено извештаи за реализација на Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион.

Согласно погоре наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Во Прилог:

- ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА со регионалното управување со отпад во Источниот плански регион, изготвен од Раководителот на Стручната служба на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад во Источен плански регион, во word формат (во друг формат имателот не располага со оваа информација)

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Пробиштип на 05.05.2023 година, под бр.24-472/2**

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Анкица Ѓеновска-Советник за правни работи и јавни набавки

_______________________

Јованка Данева-Раководител на одделение за правни и општи работи

_______________________

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

_______________________

Република Северна Македонија • ОПШТИНА ПРОБИШТИП • 2 • ПРОБИШТИП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-472/3
05.05.2023 год.
ПРОБИШТИП

ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

Датум: **05.05.2023 година**
**ДО: Македонско здружение на млади правници Скопје ул.„Донбас" бр.14/1-6 Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации **Општина Пробиштип**

**ВРСКА:** 24-472/1 од 26.04.2023 година

Почитувани,
Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Со почит,
Анкица Ѓеновска, службено лице

Република Северна Македонија Општина Пробиштип 2 ПРОБИШТИП